РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-113/7
02-07 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 31 седница одржана на 02.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Градежно инженерство“ прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион - Гостивар**

1.Се акредитира студиската програма „Градежно инженерство“ прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион - Гостивар, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер по градежништво /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of Science in Civil Engineering.
Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.01 Градежништво, Научно – истражувачка област: Градежни конструкции во нискоградбата и високоградбата, Организација и економика во градежништвото и водостопанството.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 48 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-1080/03 од 30.12.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Градежно инженерство“ прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион - Гостивар, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0306-12/01 од 27.01.2025 година (наш бр. 08 - 113/1 од 30.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 17.02.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 113/6 од 03.06.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 31-та седница одржана на 02.06.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски